Барање: Во врска со договор за реконструкција на сидриште Билјанини извори - Охрид склучен помеѓу Министерството за одбрана и Ем груп Електрометал ДОО - Скопје, заведен под ваш бр. 18/3-775/13 од 10.11.2023 г., барам: Да се достави проектната документација; На која страна од Студенчишкиот канал е предвидено проектот да се реализира и во кој обем (должина и ширина на копно, ископување во Студенчишки канал)? ; Дали со проектот се планира проширување на каналот и колкаво би било истото?; Која е потребата од реализација на ваков проект, односно со која цел тој се презема?; Дали со реализацијата на овој проект Студенчишкиот канал ќе може да смести поголем број пловни објекти од сегашниот и за колку би се зголемил капацитетот?; Дали за проектот е изработена оцена на влијанието врз животната средина?

Одговор:

Проектот ќе се реализира од Левата страна на Студенчишкиот канал санацијата ќе се изврши во должина од 190 м'. Дополнителни ископи нема да има односно нема проширување на постоечкиот канал, а со тоа нема да име ниту зголемување на капацитетот. Овој дел од каналот се користи за паркирање на воени и цивилни пловни објекти. Од таа причина треба да се подобрат условите за користење да не дојде до загрозување на човечки животи. Санацијата на овој дел ќе се изврши врз основа на проект кој што веќе е изведен од десната страна на истиот канал и ќе се користат еколошки материјали за негова санација за да не дојде до загадување на езерската вода.

Согласно член 2б и 101 од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19 и 18/20), Министерството за одбрана и Генералштабот на Република Северна Македонија се изземени од Законот за градење.

Поради обемноста на проектната документација на барателот му е посочено дека истата не може да се достави по е-маил, но, може да му се достави во друг формат доколку